**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги – СКОПЈЕ

| Примено: 14.07.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3238 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2016 до 31.12.2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13.07.2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, направен врз основа на податоците доставени од радиодифузерот, **не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Според доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш број 03-1739/1 од 30.03.2017 година и 03-1739/2 од 03.05.2017 година), Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, **од буџетот наменет за програми во 2016 година, издвоило 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.**

Сите од европските аудиовизуелни дела од независни продуценти наведени во податоците доставени од радиодифузерот се произведени во последните пет години.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***